

# ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

ЕТИЧКИ КОДЕКС НА JOHNSON CONTROLS

Johnson Controls



# СОДРЖИНА


**ВОВЕД**

Програма за етика и усогласеност на Johnson Controls . . . 07

Нашите одговорности . . . 08

Посебни одговорности на раководителите и претпоставените . . . 09

Отворено кажување на своето мислење и барање помош . . . 10

Правење паметни избори . . . 11

**ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И ПОБЕДУВАМЕ ЗАЕДНО**

Здравје и безбедност . . . 13

Почитување, спречување вознемирување и мобинг на работно место . . . 14

Разновидност и инклузија . . . 15

Еднаква можност и спречување дискриминација . . . 16

Заштита на приватноста на податоците на вработените . . . 17

**ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И ПОБЕДА ЗА КЛИЕНТИТЕ**

Квалитет и безбедност на производи . . . 19

Искрен маркетинг, продажни и услужни практики . . . 20

Заштита на приватноста на податоците на клиентите . . . 21

Почитување на правилата при склучување договори со влади . . . 22

**ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И ОСВОЈУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ**

Почитување на правилата во меѓународна трговија . . . 25

Фер конкуренција/антимонополи . . . 26

Интегритет во истражување и етичка анализа на конкуренцијата . . . 27

Поткуп и други форми на корупција . . . 28

Интелектуална сопственост н а трети лица и трговски права . . . 30

**ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И ПОБЕДА ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ**

Конфликти на интереси . . . 32

Евиденција и обелоденување . . . 36

Физички имот и средства, нашата репутација и нашите доверливи и заштитени деловни информации . . . 38

Инсајдерска трговија и злоупотреба на пазарот на хартии од вредност . . . 43

Одговорна комуникација . . . 45

**ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И ПОБЕДУВАМЕ СО НАШИТЕ СНАБДУВАЧИ**

Набавка . . . 48

Спречување злоупотреба на синџирот на набавки . . . 49

Очекувања на снабдувачите . . . 51

**ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И ПОБЕДУВАМЕ СО НАШИТЕ ЗАЕДНИЦИ**

Одржливост и одговорност за животната средина . . . 53

Ангажман и инвестирање во заедницата . . . 54

Политичка активност и лобирање . . . 55



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# СИТЕ, СЕКАДЕ, СЕКОЈ ДЕН

Она што секојдневно го правиме во Johnson Controls го прави светот попродуктивен, побезбеден и поодржлив. Создавањето победнички решенија за нашите клиенти е клучот за освојување на пазарот. Важно е како го правиме тоа бидејќи победувањето без интегритет не значи ништо. Поради тоа, Интегритетот на прво место е првата меѓу нашите вредности.

Нашите вредности се почетната основа за сè што правиме, каде и да го правиме тоа. Тие нè потсетуваат нас, но и другите, кои сме, за што се залагаме и како ги вршиме работите. Тие се нашата инспирација и нашата водилка. Поради тоа, Етичкиот кодекс на Johnson Controls се нарекува „Вредностите на прво место“.




ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ ГО ПОТТИКНУВААТ ПОБЕДНИЧКОТО ОДНЕСУВАЊЕ, А ТОА ГИ ПОТТИКНУВА ПОБЕДНИЧКИТЕ РЕЗУЛТАТИ

**ИНТЕГРИТЕТОТ НА ПРВО МЕСТО**
Ветуваме искреност и транспарентност. Се придржуваме до највисоките стандарди за интегритет и ги почитуваме обврските кои ги преземаме.

**ВОДЕНИ ОД ЦЕЛ**
Веруваме во правењето добро и се чувствуваме одговорни да го направиме светот подобро место преку решенијата кои ги обезбедуваме, нашиот ангажман во заедницата, начинот на кој го водиме бизнисот и нашата обврска да ги штитиме луѓето и животната средина.

**ОРИЕНТИРАНИ КОН КЛИЕНТИТЕ**
Победуваме кога победуваат нашите клиенти. Нашите долгорочни стратешки врски овозможуваат уникатни согледувања и способност да обезбедат исклучителни искуства и решенија за клиентите.

**ФОКУСИРАНИ НА ИДНИНАТА**
Нашата култура за иновации и постојано подобрување нѐ поттикнува да ги решиме денешните предизвици додека постојано се прашуваме „што е следно“.

**ЕДЕН ТИМ**
Ние сме еден тим и сме посветени да соработуваме заедно за да создадеме корисни решенија кои го придвижуваат светот напред.



# ПОРАКА ОД ГЛАВНИОТ ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

Драги колеги,

Живееме во свет во кој сложеноста, промената и несигурноста се секојдневна реалност. Идејата да се има повеќе контрола на животната средина во која живееме, работиме и патуваме е истовремено смирувачка и поттикнувачка. Во 1883 година, оваа идеја го инспирирала Ворен С. Џонсон (Warren S. Johnson) да го измисли електричниот собен термостат. Истото основно размислување го инспирира Johnson Controls денес: сите во светот соработуваме и иновираме за да го направиме светот безбеден, удобен и одржлив. Се гледаме себеси како компанија која прави нешто повеќе отколку само да произведува работи; правиме разлика.

Мора да ја имаме на ум поголемата слика кога работиме и комуницираме со колегите, клиентите и светот. На тој начин се потсетуваме дека влијанието на нашите индивидуални одлуки и дејства, за добро или за лошо, може да биде многу подобро од она што сме го замислиле. Довербата на клиентите и репутацијата за квалитет, сигурност и интегритет никогаш досега немале толку големо значење. Поради тоа, Вредностите на прво место, Етичкиот кодекс на Johnson Controls, е неопходен ресурс. Секој од нас има одговорност да го знае Кодексот и секогаш да го почитува.

Името на Кодексот има свое значење; го отсликува верувањето дека кога ги ставаме нашите вредности на прво место, градиме бизнис кој ќе трае долго. Преку спроведување на нашите вредности, промовираме култура на доверба и почитување. Тоа, пак, ни овозможува да соработуваме, иновираме и да работиме најдобро што можеме за да можеме да победуваме заедно со нашите клиенти.

Ви благодарам за сè што правите за да го направите светот безбеден, удобен и одржлив.

Со почит,



George Oliver

*Претседавач и генерален директор*




ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# ЗОШТО НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ СЕ НА ПРВО МЕСТО

Johnson Controls над 130 години гради репутација како компанија на која може да ѝ се верува дека ќе ги исполни своите ветувања и дека ќе обезбеди вредност за своите клиенти и другите чинители.

Оваа репутација е наша одговорност, независно од нашата улога во компанијата. Нашите индивидуални избори и дејства имаат директно влијание на способноста на Johnson Controls да ги исполни очекувањата на нашите клиенти, инвеститори и другите акционери. Иако сме 120.000 лица кои поддржуваат многу брендови и функции во светот, победуваме како еден тим. Нашите избори и однесување треба да ја поддржат културата на доверба и почитување бидејќи заеднички си помагаме за да работиме најдобро што можеме.

Поради тоа го имаме нашиот Етички кодекс, Вредностите на прво место. Етичкиот кодекс поставува очекувања за однесувањето и нè води кон постигнување најдобри резултати за нас и за сите наши акционери. Тој е практичен ресурс кој лесно се употребува и кој ни покажува како да ги ставиме вредностите што ги споделуваме во акција. Сите се победници кога нашите вредности го поттикнуваат правилното однесување.



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# СИТЕ СЕ ПОБЕДНИЦИ КОГА НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ ГО ПОТТИКНУВААТ ПРАВИЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ.

**ПРОГРАМА ЗА ЕТИКА И УСОГЛАСЕНОСТ НА JOHNSON CONTROLS**

*Вредностите на прво место*, нашиот Етички кодекс е темелот на Програмата за етика и усогласеност на Johnson Controls. Оваа програма е интегриран пристап што обезбедува дека нашето индивидуално однесување, деловното работење и организациската култура ги одржуваат највисоките стандарди на интегритет. Преку посветеност на раководството, комуникација, обуки, мониторинг и механизми на известување и други средства, Програмата за етика и усогласеност ни помага да ги идентификуваме и безбедно да управуваме со ризиците на етика и усогласеност и да водиме бизнис според нашите вредности.



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# НАШИТЕ ОДГОВОРНОСТИ

Во Johnson Controls, секој и секаде мора да го знае Етичкиот кодекс и секојдневно да го почитува – независно од улогата или позицијата. Ова ги вклучува сите вработени, службеници и членови на Одборот на директори. Прекршувањата на Кодексот се сериозни и можат да доведат до дисциплинска постапка, па сè до отказ, во согласност со локалните законски одредби.

Johnson Controls има политики кои подетално обработуваат многу од темите во Кодексот. Тие може да се најдат на SharePoint веб-локацијата Ethics & Compliance.

Не само што мора да ги почитуваме Кодексот и политиките на компанијата, туку секој од нас има обврска да ги почитува и законите кои нè засегаат. Имаме обврска да зборуваме отворено ако не сме сигурни што да направиме или сме загрижени – особено, ако видиме или се сомневаме дека постои несоодветно однесување.



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# ПОСЕБНИ ОДГОВОРНОСТИ НА РАКОВОДИТЕЛИТЕ И ПРЕТПОСТАВЕНИТЕ

Додека сите мораме да го почитуваме Кодексот и да ги илустрираме вредностите на Johnson Controls, вработените со раководни одговорности или претпоставените имаат дополнителни обврски:

- Редовно да ги потсетуваат членовите на тимот и оние кои директно одговараат пред нив за важноста на почитување на Кодексот
- Активно да бараат можности да дискутираат за Кодексот и нашите вредности (на пример, за време на состаноци на тимот и евалуација на индивидуалната работа)
- Да ги препознаат и наградат активностите на етичко лидерство и да ги поврзат со нашата посакувана култура и деловни резултати
- Да продолжат со справувањето со последиците за вработените кои го прекршуваат Кодексот и/или политиките на компанијата
- Да служат како пример и да покажат лична посветеност на етиката и усогласеноста за сѐ што кажуваме и правиме
- Да обезбедат дека нашите тимови ги знаат различните начини на кои можат да пријават загриженост и дека нема да се толерира реваншизам
- Да ја регистрираат загриженоста на која ни е укажано во Integrity Helpline е за да се обезбеди непристрасна и професионална истрага
- Да инсистираат персоналот кој не е вработен (како што се консултанти, привремени и вонредни работници) да дејствуваат во согласност со Кодексот и нашите вредности



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# ОТВОРЕНО КАЖУВАЊЕ НА СВОЕТО МИСЛЕЊЕ И БАРАЊЕ ПОМОШ

**ЗБОРУВАЈТЕ ОТВОРЕНО – СЕКОЈ ГЛАС Е ВАЖЕН**

Често, вистинската работа која треба да се направи е очигледна. Во други случаи, одредена ситуација може да изгледа сложена или невообичаена и може да не сме сигурни како да постапиме. Ако сте загрижени, кажете веднаш. Не само што имаме обврска да го направиме тоа, туку тоа ни дава можност брзо да добиеме разјаснување и да избегнеме потенцијални проблеми. Ако нешто тргне наопаку, ни дава можност да го истражиме тоа и да го поправиме.

**РЕСУРСИ**

Има неколку начини да пријавите загриженост за етиката или усогласеноста. Може да:

- Разговарате за проблемот со вашиот претпоставен
- Разговарате за проблемот со друг претпоставен или раководител
- Контактирате со тимот за усогласеност, одделението за човечки ресурси или одделението за правни работи
- Контактирате 24-часовната служба за информации Integrity Helpline на Johnson Controls:
  - Преку интернет JohnsonControlsIntegrityHelpline.com
  - По телефон: (одете на JohnsonControlsIntegrityHelpline.com или на порталот за вработени за бесплатни телефонски броеви)

**НУЛА ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА РЕВАНШИЗАМ**

Johnson Controls забранува реваншизам. Секој кој пријавува загриженост со добра намера не смее да се соочи со реваншизам од кој било вид – вклучувајќи закани, вознемирување, намалување работни часови, отпуштање од работа или други негативни последици. Реваншизмот е против нашите вредности и ја поткопува довербата која е неопходна за нашиот успех. Чинот на реваншизам е сериозна злоупотреба која ќе резултира со дисциплинска постапка, вклучувајќи и отказ.



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

# ПРАВЕЊЕ ПАМЕТНИ ИЗБОРИ

Нашите вредности кои ни покажуваат како да ги постигнеме целите се исто толку важни колку и нивното постигнување. Изборите кои ги правиме кажуваат многу за нас како лица и како организација. Сакаме да сме познати по правењето на правилни избори – избори кои поддржуваат култура и компанија на кои можеме да бидеме горди – и да работиме на етички и законски одговорен начин.

Ако се соочувате со тешка одлука, размислете да ги разгледате следниве чекори. Ако заглавите, секој од ресурсите наведени на страница 10 може да ви помогне.

Кога размислувате за некоја одлука или постапка, запрашајте се:





ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И

# ПОБЕДУВАМЕ ЗАЕДНО

# Здравје и безбедност



## Безбедна околина за сите

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Се грижиме за своите безбедност и здравје и за безбедноста и здравјето на другите за да го оствариме нашиот полн потенцијал.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Победуваме како тим кога благосостојбата на нашите вработени и посетители е нашиот највисок приоритет. Ништо не е поважно од здравјето и безбедноста на работното место; нашата визија за нула повреди и поврзаните цели нѐ одржуваат фокусирани. Безбедноста на сите е споделена одговорност. Се грижиме еден за друг во нашите секојдневни активности за да спречиме повреди и несреќи и преземаме соодветни дејства ако забележиме нешто што би можело да предизвика повреда. Практикувањето добри навики на безбедност нѐ заштитува, ја прави нашата околина поудобна и ни дозволува да се сконцентрираме на овозможување исклучителни искуства и решенија за клиентите.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Промовираме култура на нула повреди:

- Преку познавање и почитување на сите упатства и процедури за безбедност
- Никогаш да не се преземаат непотребни ризици на работното место или да се бара други да го сторат тоа
- Веднаш да се престане со она што се работи ако стане небезбедно, дури и ако тоа значи дека ќе се има доцнење со производството или со работата
- Секогаш да се пријавуваат небезбедни или штетни услови или однесувања, како што се ризици на работното место, скршена опрема или опрема која недостасува, закани за насилство или оружје на имот на компанијата
- Да се знае што треба да се направи во случај на повреда или друг итен случај
- Доаѓање на работа без присуство на која било супстанца која може да го наруши расудувањето или да ја загрози безбедноста

### ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Колега од производствената лента ме замоли двапати оваа седмица да го покријам додека зема брзи, ненајавени паузи. Има повремени вртоглавици од новиот лек. Му кажав дека сум загрижен дека несаканите дејства може да го изложат него и другите на ризик. Ми рече дека не треба да се грижам за ништо – наскоро ќе се прилагоди на лекот. Дали треба да преземам нешто?

**О:** Сите имаме обврска да дејствуваме ако дознаеме за потенцијален здравствен или безбедносен ризик. Ако не го сториме тоа, ќе го прекршиме овој Кодекс. Треба да го советувате колегата да зборува со својот претпоставен кој може да земе предвид привремено прераспоредување на должности или некое друго компромисно решение. Треба да го информирате дека ако не сака да го покрене прашањето, вие и другите сте должни да го сторите тоа. Го почитуваме правото на приватност на секој поединец, но безбедноста е приоритет.

# Почитување, спречување вознемирување и мобинг на работно место

## Промовирање и одржување пристојно работно место

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Постапуваме со почит, промовираме позитивна работна околина во која ќе напредуваме како еден тим.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Заеднички соработуваме како еден тим и водиме дијалог на начини кои промовираат меѓусебна доверба и почитување. Ова значи дека дејствуваме професионално, зборуваме отворено и со почит кон другите и се поддржуваме секогаш кога можеме. На овој начин, секој од нас помага да се обликува и зајакне нашата култура на извонредност и интегритет. Работното место кое ги поттикнува и поддржува најдобрите напори на сите е победничко работно место.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Одржуваме пристојно работно место преку:

- Градење доверба со колегите и партнерите
- Слушање за да разбереме
- Барање можности за соработка и споделување за доброто на тимот
- Размислување однапред за тоа како другите може да ги согледуваат нашите зборови и дејства
- Спротивставување на мобинг или вознемирување од секаков вид и барање помош кога е неопходно
- Пријавување несоодветни шеги, навреди или други навредливи коментари за раса, пол, боја, религија, возраст, национално потекло, инвалидност, сексуална ориентација или други карактеристики заштитени со закон
- Никогаш да не се прават – или толерираат– несакани сексуални забелешки или додворувања или да се прикаже материјал кои другите може да го сметаат за навредлив
- Пријавување несоодветно однесување, независно дали ве засега вас или некој друг

### ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Мојата нова претпоставена е многу љубопитна и дружељубива. Ми поставува испитувачки прашања за мојот личен живот, а тоа ми е непријатно. Можеби мисли дека е пријателски настроена, но нејзините теми на разговор ме прават да се чувствувам незгодно. Ја замолив да престане, но таа ми кажа дека сум премногу напната и се замисли на глас дали сум добра за тимот. Не сакам да имам лош почеток со мојата претпоставена, но тоа ме вознемирува. Што можам да направам?

**О:** Однесувањето на оваа претпоставена е несакано и неприфатливо и за тоа нема место во Johnson Controls. Ако се чувствувате удобно, кажете ѝ на претпоставената како прави да се чувствувате и замолете ја да запре еднаш засекогаш. Ако претпочитате да не се соочувате повторно со претпоставената, може да разговарате со раководител на повисока позиција или со претставникот од човечки ресурси или да контактирате со Integrity Helpline. Некоја од овие опции ќе ни овозможи да помогнеме при решавањето на проблемот. Ќе бидете заштитени од секаков реваншизам.

# Разновидност и инклузија



## Вреднување на нашите разновидни таленти, потекло и перспективи

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Го извлекуваме најдоброто од нашите разновидни таленти, потекла и перспективи за извонредни согледувања и иновации.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Johnson Controls привлекува, развива и оспособува индивидуи со широк спектар на искуства, способности и размислувања. Вреднувањето на она што го прави секој од нас уникатен ги проширува нашите перспективи и стимулира нови идеи. Нашата разновидност ни овозможува да решаваме проблеми покреативно, да одлучуваме попромислено и попроактивно да ги идентификуваме можностите. Кога сите чувствуваат дека можат да придонесат и да учествуваат во нашиот успех, придобивки ќе имаат нашите вработени, клиенти и инвеститори.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Користиме разновидна и инклузивна култура преку:

- Активно барање алтернативни опции и пристапи
- Слушање на другите со почит за да гиземеме предвид и да имаме придобивка од размислувањата и идеите кои се различни од нашите
- Праведно постапување кон луѓето и обезбедување еднакви можности за вработените врз основа на нивните квалификации и вештини
- Барање на повратни информации од другите и приемчивост за нив

### ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Јас сум една од единствените три жени во мојот тим. За време на неделните состаноци на тимот, многу е очигледно дека мојот претпоставен ги фаворизира идеите и мислењата на нашите машки колеги и понекогаш отворено ме поткопува мене и другите жени. Се чувствуваме понижени и не ни е дадена шанса да покажеме што можеме. Се плашам дека покренувањето на ова прашање пред мојот претпоставен само ќе ги потврди неговите предрасуди за жените. Како да внесам промена која ќе им овозможи на сите да придонесат за тимот?

**О:** Во Johnson Controls промовираме разновидна и инклузивна околина во која секој може да придонесе за нашиот успех. Секоја форма на родова пристрасност не ги рефлектира ниту нашите вредности ниту културата која сакаме да ја создадеме. Треба да размислите да го прашате вашиот претпоставен дали има некои причини поради кои вашите идеи не се земаат предвид. Ако тоа не го реши проблемот, разговарајте со раководител на повисока позиција или искористете ги некои од достапните ресурси за пријавување загриженост, како што се разговор со одделението за човечки ресурси или контакт со Integrity Helpline.

# Еднаква можност и спречување дискриминација



## Поддржување и унапредување на нашите вработени

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Привлекуваме талентирани луѓе, го развиваме нивниот потенцијал и ги подготвуваме за успех.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Ги вработуваме и унапредуваме најдобрите и најпаметните. Одлуките за вработување ги засноваме на квалификациите, аспирациите и резултатите, а никогаш на предрасуди или пристрасност. Вистинската работа е да му се даде секому фер шанса. Не толерираме дискриминација врз основа на раса, боја, религија, национално потекло, пол, бременост, возраст, инвалидност, сексуална ориентација, родов идентитет, брачен статус, воена служба или друг статус заштитен со закон.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Привлекуваме, развиваме и задржуваме извонредни вработени преку:

- Праведно постапување со луѓето и фокусирање на нивната вредност која ја носат во Johnson Controls
- Одлучување за вработување, обука, унапредување и дисциплина врз основа на заслуга
- Обезбедување разумни погодности за инвалидност
- Одбивање за прифаќање изговори за дискриминација – нема такви

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Слушнав како мојот претпоставен кажува дека не сака постари работници во својот тим. Вели дека не ги дискриминира – тие едноставно не можат да одржат чекор со нашите барања за брзината на производството. Дали е во право?

О: Не, не е во право. Паушални верувања или оценки за лице или група на лица врз основа на возраст или друга лична карактеристика се несоодветни и не се компатибилни со вредностите и културата која ја промовираме. Тие може да предизвикаат дискриминаторски дејства. Сите треба да се оценуваат според своите способности и резултати. Работна околина во која со секој се постапува праведно помага да се обезбеди култура која е доверлива, мотивирана и со високи перформанси.

# Заштита на приватноста на податоците на вработените



## Заштита на лични информации

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

### Ги заштитуваме личните информации на нашите вработени, кандидати, снабдувачи и клиенти.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Johnson Controls треба да собира, чува, користи и споделува лични информации за да ни помогнат да го водиме нашиот бизнис. Ни требаат овие лични информации за многу различни цели, вклучувајќи деловни односи со клиентите и снабдувачите, администрирање на социјалните придонеси за вработените во согласност со законските одредби. Johnson Controls го почитува правото на приватност на луѓето. Во погрешни раце, личните информации може да се користат за идентификување лица, крадење идентитети или вршење измама. Како еден тим, се грижиме еден за друг – на работното место и на интернет.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Ги заштитуваме личните податоци преку:

- Собирање, обработка и користење лични податоци само за легитимни деловни цели и само за собирање на количината која е потребна за таа цел
- Тоа што сме отворени и јасни за тоа зошто и како собираме, обработуваме и користиме лични податоци
- Тоа што не се споделуваат лични податоци повеќе отколку што е потребно и не се споделуваат со некој кој нема Деловна потреба да знае
- Заштита на личните податоци што ги контролираме и нивно безбедно отстранување кога веќе не се потребни за првичната намена
- Почитување на сите применливи закони за заштита на лични податоци и нашата Политика за приватност

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Пријател во мојот тим неодамна доби дете. Нашиот раководител на тимот сака да испрати цвеќе во име на компанијата што мислам дека е добра идеја. Бидејќи знае дека ние двајцата сме пријатели и живееме еден до друг, ми ја побара домашната адреса на мојот пријател. Се чувствувам непријатно да му ја дадам адресата без прво да го прашам мојот пријател за дозвола. Но, не сакам да го расипам изненадувањето, па што да правам?

О: Многу сериозно ѝ пристапуваме на заштитата на личните податоци, без разлика дали им припаѓаат на вработените, клиентите или други деловни партнери. Сите имаме одговорност да ги заштитиме и да дозволиме да се користат само за соодветни цели и од лица кои се овластени за тоа. Дозволувањето лични податоци да паднат во погрешни раце може да има катастрофални последици, потенцијално кражба на идентитет и други кривични дела. Кажете му на вашиот раководител на тимот дека би претпочитале тој да го организира тоа во консултација со вашиот партнер за човечки ресурси.



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И

# ПОБЕДА ЗА КЛИЕНТИТЕ

# Квалитет и безбедност на производи



## Испорачување одлични производи и решенија

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

### Се фокусираме на испорачување на највисоката вредност за нашите клиенти преку безбедни и иновативни производи и решенија.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Сакаме клиенти кои долгорочно ќе останат со нас, клиенти кои имаат доверба во нас дека ги разбираме, ги предвидуваме и ги исполнуваме нивните барања подобро од нашите конкуренти. Никогаш не сме целосно задоволни, секогаш бараме нови и подобри начини кои се ориентирани кон клиентите. Како што продолжуваме да иновираме, никогаш не правиме компромис за квалитетот или безбедноста на нашите производи и услуги.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Испорачуваме извонредност за нашите клиенти преку:

- Создавање околина која промовира квалитет и иновации за нашите производи и решенија
- Тоа што никогаш не го избираме пократкиот пат што потенцијално би го компромитирал квалитетот или безбедноста на кои било наши производи и решенија
- Барање и слушање на повратни информации од клиентите
- Итно пријавување на загриженост за безбедноста или квалитетот на производот

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Неодамна бев вклучен во редизајнирање на производ. Процесот траеше повеќе од една година и резултираше во нешто за кое ние веруваме дека е технолошки најнапреден производ во својата категорија. Меѓутоа, убеден сум дека идентификував недостаток во дизајнот што во одредени услови може да направи краток спој и да предизвика пожар. Му го споменав ова на мојот менаџер. Тој ме увери дека има незначителен ризик и не треба дополнително да спроведуваме друг опсежен процес на тестирање. Ова ме вознемирува бидејќи некој може да настрада. Мојот менаџер одбива да дискутира повеќе за ова прашање. Со кого можам да разговарам?

О: Безбедноста е од критична важност за нас – кога се дизајнираат и се создаваат нашите производи и откако ќе ја напуштат фабриката. Треба да разговарате или со раководител на повисока позиција во инженерскиот тим или да контактирате со тимот за усогласеност, локалниот EHS претставник или член на корпоративниот EHS тим или да поднесете пријава преку Integrity Helpline. На тој начин, вашата загриженост соодветно ќе се процени и обработи доколку е потребно.

# Искрен маркетинг, продажни и услужни практики



## Маркетинг и искрена продажба

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Доверливо и отворено зборуваме за вредноста која им ја испорачуваме на клиентите бидејќи тоа гради доверба во нашиот бренд.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Johnson Controls го става интегритетот на прво место. Ветуваме искреност и транспарентност на секого со кого соработуваме. Освојување бизнис и стекнување доверба кај клиентите започнува со тоа како ги претставуваме нашите решенија на пазарот. Покажуваме како јасно и вистинито додаваме вредност и ги исполнуваме нашите ветувања.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Уверено и искрено го претставуваме нашиот бренд преку:

- Точно претставување на можностите на нашите производи и услуги
- Обезбедување дека материјалите и договорите за маркетинг ги исполнуваат законските и регулаторните одредби
- Фокусирање на придобивките на нашите решенија и без неправедно критикување на конкурентите
- Избегнување продажна тактика под голем притисок и прекумерна продажба
- Добивање соодветно овластување за финализирање на зделки или потпишување договори
- Навремено одговарање на барањата и прашањата од клиентите

### ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Неодамна на состанок за продажба, мојата колешка точно го одговори техничкото прашање од потенцијален клиент, но според мене одговорот не беше целосен. Не сакав да ѝ противречам на колешката пред клиентот, па подоцна ја прашав во такси. Таа рече: „Тоа што му го претставив на клиентот беше точно, а тоа што заборавив да му го напоменам не е основа за нивната одлука. Бидејќи ни кажаа дека сме во потесниот избор, може да го разјасниме ова на следниот состанок.“ Мислам дека не треба да чекаме и треба да бидеме сигурни дека клиентот е целосно информиран.

**О:** Вашиот инстинкт е точен. Кога ги претставуваме нашите производи и решенија на пазарот, мораме да ја обезбедиме целосната слика така што клиентите и потенцијалните клиенти можат да донесат целосно информирана одлука. Навраќањето за разјаснување на деталите во оваа фаза е добар начин да се стекнат почитта и довербата на клиентот. Клиентот треба да одлучи што е важно за него. Ако вршиме продажба врз основа на недоразбирање, тогаш ризикуваме да се нанесе штета не само на деловниот однос, туку и на нашата репутација.

# Заштита на приватноста на податоците на клиентите



## Одржување на довербата на клиентите

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Ги штитиме доверливите информации кои ни ги довеcreuваат нашите клиенти.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Да се биде ориентиран кон клиентите значи нешто повеќе од одржување ветувања и исполнување очекувања. Во суштина, се работи за стекнување на довербата на клиентите при што ќе покажеме дека се грижиме за нивните интереси како и за нашите. Доверливите информации се скапоцени за нашите клиенти како што се и за нас; нивното неовластено користење или обелоденување може да предизвика сериозна финансиска штета и да ѝ наштети на репутацијата. Преземаме претпазливи мерки за да ги заштитиме доверливите информации кои ни се доверени.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Ја зачувуваме довербата на клиентите со:

- Тоа што сме внимателни со доверливите информации од клиентите исто како со нашите сопствени информации
- Преземање соодветни безбедносни мерки за заштита на информациите од клиентите
- Обелоденување доверливи информации од клиентите само на оние лица кои се овластени и имаат деловна потреба да ги знаат истите
- Тоа што не се споделуваат доверливи информации за клиентите со лица надвор од нашата компанија, освен ако клиентот дал дозвола за тоа
- Претпоставка дека информацијата е доверлива, освен ако и сѐ додека не го потврдиме спротивното
- Почитување на применливите закони за заштита на приватноста и нашата Политика за приватност
- Итно контактирање со тимот за усогласеност или одделението за правни работи ако знаеме или се сомневаме дека на кој било начин ненамерно и погрешно се постапило со информациите за клиентите

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: За време на моето 10-годишно работење во Johnson Controls, соработував со многу групи и развив добри односи во компанијата. Еден пријател од мојата последна група ме праша дали можам да му испратам листа на клиенти со нивната е-пошта за да може подобро да промовира нова услуга. Знам дека сме еден тим и сакам да му помогнам на мојот пријател; но, не сум сигурен дали треба да ја споделам таа информација, макар и интерно. Како да одговорам на барањето?

О: Работењето како еден тим вклучува изнаоѓање начини за соработка во организацијата, а исто така значи споделување одговорности за исполнување на нашите законски и етички обврски. Ова ја вклучува обврската да ги заштитиме информациите од клиентите, а повеќето од нив се доверливи. Ако такви информации се објават без дозвола, потенцијално можат да завршат во погрешни раце со што ќе се изложат клиентот и нашата репутација на ризик. Не споделувајте ги бараните информации и потсетете го вашиот пријател дека клиентите се потпираат на нас да ги користиме нивните информации само за целите за кои ни се доставени; треба да побараме нивна дозвола пред да ги споделиме за други намени.

# Почитување на правилата при склучување договори со влади



## Почитување посебни обврски кон нашите клиенти од владите

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Сметаме дека е привилегија да ги опслужуваме клиентите од владите и се грижиме да ги исполниме нашите посебни обврски кон нив.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Ориентирани сме кон клиентите. Препознаваме дека клиентите од владите имаат различни барања од клиентите во приватниот сектор. Мораме да обрнеме посебно внимание кон овие барања и точно да ги исполниме истите. Ова ќе обезбеди дека се фокусираме на она што им е важно на нашите клиенти и ќе избегнеме казни кои би го нарушиле нашиот бизнис или репутација.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Ја покажуваме нашата посветеност кон опслужување на клиенти од влади преку:

- Запознавање со суштинските барања на нашите договори со владите
- Усогласување со сите применливи закони за договори со влади и за извоз на производи или податоци, како и со нашата Политика за склучување договори со сојузни влади
- Следење правила за ангажирање или работење со сегашни или поранешни вработени во влада
- Знаење точно како и кога да одговориме на барањата на владите за содржината
- Тоа што сме внимателни со информациите кои се доверливи или имаат други посебни ограничувања
- Обезбедување дека секој документ или секоја комуникација е точна и вистинита
- Онаму каде е потребно, користење тековни, точни и потврдени податоци за трошоци или цени кога се поднесуваат предлози
- Избегнување прием на неовластени информации за конкурентите

### ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Раководам со набавките за договорите со Сојузната влада. Само што дознав дека еден снабдувач пред неколку месеци направил многу мала промена во спецификацијата на компонента која се користи во производите кои се продаваат на клиентите од владата. Снабдувачот ми кажа дека не нè информирале за промената бидејќи била многу мала и веројатно ја подобрила компонентата. Меѓутоа, се грижам дека поради оваа промена неодамнешните пратки до нашите клиенти не се усогласени со односните договори со владата.

**О:** Имате право да бидете загрижени. Кога работиме со клиенти од владите мораме точно да ги почитуваме барањата во договорите. Ако не го направиме тоа - дури и на начин кој изгледа банален и без последици или дури промена која мислиме дека го подобрува производот – прекршувањето на договорот како резултат на тоа би предизвикало не само финансиски казни, туку потенцијално и ризик да бидеме суспендирани или дури отстранети од работата со владата. Проблемот мора веднаш да се пријави во секторот за правни работи за да се советувате со нив како да се постапи бидејќи можеби ќе биде потребно да се информира владата.

# Почитување на правилата при склучување договори со влади



## ЗОШТО ВО ВЛАДИНИТЕ ДОГОВОРИ ИМА ПОСЕБНИ БАРАЊА

Земјите чии влади ги опслужуваме имаат закони кои се дизајнирани да обезбедат дека: државните пари се трошат соодветно; владините процеси за набавки и склучување договори се управуваат транспарентно, отворено, одговорно и доследно; и дека се штитат националната безбедност и јавниот интерес.

Многу од нашите договори со влади се со Сојузната влада на Соединетите Американски Држави. Примери на закони и прописи кои наметнуваат сложени и строги барања за овие договори се:

- **Сојузната одредба за набавки** (Federal Acquisition Regulation - FAR) која го управува начинот на кој владините агенции купуваат или даваат под наем стоки и услуги
- **Дополнувањето на Сојузната одредба за набавки во одбраната** (Defense Federal Acquisition Regulation Supplement - DFARS) кое ги опфаќа барањата за набавки на воената индустрија
- **Одредбите за меѓународна трговија со оружје** (International Traffic in Arms Regulations - ITAR) кои го опфаќаат извозот и увозот на воени стоки и услуги



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И

# ОСВОЈУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ

# Почитување на правилата во меѓународна трговија



## Водење бизнис на глобално ниво

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Како глобална компанија се усогласуваме со сите трговски прописи и ограничувања кои се однесуваат на нас.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Горди сме што имаме клиенти и работа во многу држави во светот. Ги почитуваме законите кои се применливи секаде каде што водиме бизнис, како и оние закони кои ја управуваат меѓународната трговија. Заради национална безбедност, политички или економски причини, владите можат да го контролираат увозот и извозот на чувствителна опрема и податоци; исто така можат да го ограничат бизнисот со одредени групи, лица или земји. Преку усогласеноста со трговските прописи не само што се избегнуваат големи казни, загуба на дозволи и апсења, туку се помага и да се направи светот побезбедно место.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Одговорно го водиме нашиот бизнис во светот преку:

- Почитување на политиките и процедурите на компанијата кои се однесуваат на трговските прописи, вклучувајќи ја нашата Политика за почитување на правилата за трговија
- Несвесно тргување, продавање или обезбедување услуги на некој кој се наоѓа на листите за ембарго или санкции на САД, ЕУ или на други применливи листи
- Усогласување со сите договорни или законски ограничувања за пристап до информации за клиентите
- Спроведување проценки за ризик и детални проверки на трети понудувачи со кои планираме да водиме бизнис
- Алармирање на секторот за правни работи доколку некој клиент, снабдувач или други лица побараат од нас да се вклучиме во бојкот

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Свесен сум дека Johnson Controls секогаш бара нови потенцијални пазари за нашите производи и решенија. Странски дистрибутер контактираше со мене неодамна за да ми каже дека добивал барања за палета на производи која претходно не сме ја продавале во тој дел на светот. Свесен сум дека понекогаш има ограничувања каде можеме да ги продаваме производите и за кои намени се користат истите. Го замолив дистрибутерот да одговори неколку прашања кои ќе ми помогнат да разберам кој е одредениот краен корисник и крајната намена. Неговите одговори беа нејасни и изгледаше дека не ја сфаќа сериозно мојата загриженост. Мислам дека не ги разбра потенцијалните ризици. Што да правам?

**О:** Паметно е што ги споменавте правилата за меѓународна трговија. Важно е да се анализира секоја можност за пазар во странство за овој тип ризици. Треба да настојувате со вашите барања до дистрибутерот, бидејќи нема да ги испорачаме производите без целосно да разбереме за одредениот краен корисник и крајната намена. Исто така, побарајте помош за потенцијалните проблеми за меѓународна трговија од раководството, тимот за почитување на правилата во трговијата или секторот за правни работи.

# Фер конкуренција/ антимонополи



## Праведно водење бизнис

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

### Се натпреваруваме силно и праведно и ги оставаме нашите конкуренти зад нас преку супериорен квалитет и вредност.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Веруваме во слободен и конкурентен пазар. Пазарот ни нуди најдобра можност да се разликува брендот на Johnson Controls. Со тоа што сме ориентирани кон клиентите и обезбедуваме првокласни услуги, ја оставаме конкуренцијата зад себе и градиме долгорочна доверба во нашиот бренд. Законите кои ги промовираат слободните пазари, познати како антимонополски закони во Соединетите Американски Држави и закони за фер конкуренција во повеќето други држави, се сложени; прекршувањата на законите може да доведат до тешки казни. Признаваме дека дури и впечатокот на неправедност или измама во нашите конкурентни практики може да ја наруши нашата репутација и да нè изложи на правна одговорност.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Праведно освојуваме бизнис преку:

- Избегнување формални или неформални договори или навики на однесување со конкурентите за да:
  - Наплаќаме одредена цена за услуга (местење цени)
  - Манипулираме со процесот на тендерирање (местење тендери)
  - Ги делиме пазарите според географската положба или клиентите (распределба на пазар)
- Чесно, точно и без претерување ја претставуваме нашата вредносна понуда
- Никогаш нечесно не се мешаме во постоечките деловни договори на нашите клиенти
- Ја читаме и разбираме Глобалната политика против монополи и фер конкуренција
- Никогаш не го злоупотребуваме нашиот пазарен удел

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Додека го чекав почетокот на панел дискусијата на овогодинешниот саем MetroExpo, разговарав со директорот за продажба на еден конкурент. Ме праша дали сум забележал дека тешко се работи со службеникот за набавки на опрема во голем град кој и двајцата го поддржуваме; шпекулираше за тоа што би се случило доколку компании како нашите би одбиле да соработуваат со градот. Разговорот за заеднички клиент направи да се чувствувам неудобно, па се преправав дека одговорам на телефонски повик, а потоа се поместив на седиште на другата страна на аудиториумот. Како требаше да одговорам?

О: Сте биле во право што сте го завршиле разговорот. Исто така е паметно најбрзо што можете да ја пријавите вашата загриженост во секторот за правни работи. Трговските саеми и состаноците на здруженија се важни места за учење и одржување чекор во нашата индустрија. Меѓутоа, комуникацијата со конкурентите на такви настани може да носи голем ризик од прекршување на законите за конкуренција. Разговор со конкурент за бојкотирање заеднички клиент може да се смета за обид за формирање нелегален договор за исклучување на компании од одреден пазар или да се изврши притисок врз одреден клиент за да „се прилагоди“.

# Интегритет во истражување и етичка анализа на конкуренцијата



## Паметно водење бизнис

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

### Се информираме за пазарните трендови и можности преку етичко истражување.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Ги следиме случувањата на нашите пазари за да ја разбереме состојбата со конкуренцијата и тоа ни помага постојано да ги подобруваме и предвидуваме потребите на нашите клиенти. На прво место го ставаме интегритетот и секогаш етички собираме информации за конкурентите.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Вршиме соодветна анализа на конкуренцијата со тоа што:

- Сме искрени за нашиот идентитет и мотивите кога вршиме истражување
- Не користиме трети лица да се вклучат во дејства во кои ни самите не би се вклучиле
- Не бараме од колегите (или идните вработени) да откријат доверливи информации за нивните поранешни работодавачи

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Работам за развој на бизнисот и моментално преговарам и завршувам со подготовка на понуда за голем проект. Денес добив е-пошта од раководителот за набавки на потенцијалниот клиент во која по грешка ги прикачила предлозите на еден од нашите конкуренти наместо мојот обележан предлог. Забележав дека цената на конкурентот е 25 проценти пониска од нашата понуда. Сакам да ја намалам цената во нашата понуда за да ја победам конкуренцијата. Смеам ли да го направам тоа?

О: Не. Нашата вредност за интегритетот на прво место бара од нас законски и етички да собираме и користиме анализа на конкуренцијата. Искористување на грешката на клиентот би ја нарушила нивната доверба. Ако некогаш јавно се дознае дека вака сме го искористиле клиентот, тогаш со тоа би ја загрозиле нашата репутација за чесно и праведно работење и дури би можеле да го загубиме договорот. Наместо да ја искористите оваа информација, треба да го информирате клиентот за грешката и да му соопштите дека ќе ги избришете е-пошта и прилогот. Исто така, треба да го информирате секторот за правни работи за грешката за да се обезбеди соодветна документација и да продолжите да се фокусирате на силните страни на вашиот првичен предлог. Запомнете дека добро практично правило за носење одлука како да се постапува со конкуренцијата е да се замислиме како би се чувствувале ако некој конкурент ни го направи истото нам.

# Поткуп и други форми на корупција



## Чесно водење бизнис

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Го освојуваме и задржуваме бизнисот врз основа на силата на нашата понуда и со градење врски врз основа на транспарентност и доверба.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Ставањето на интегритетот на прво место ја зајакнува нашата репутација како доверлив и сигурен деловен партнер. Не сме заинтересирани да „купуваме“ бизнис, ниту да се справуваме со оние кои охрабруваат или толерираат практики на корупција. Корупцијата им наштетува на заедниците, го нарушува пазарот и на сите им отежнува да водат бизнис. Независно од локалните обичаи или практиките на другите компании, ние ѝ се спротивставуваме на корупцијата во сите нејзини форми. Ние дури го избегнуваме впечатокот дека дејствуваме несоодветно, независно дали соработуваме со владини службеници или приватни фирми.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Силно се спротивставуваме на поткуп и други форми на корупција со тоа што:

- Никогаш не нудиме, ветуваме или даваме нешто со некаква вредност на владин службеник или некое друго лице за да добиеме деловна предност
- Одбиваме да прифатиме поткуп или провизии и го информираме секторот за усогласеност ако ни се понудат
- Водиме точни и целосни досиеја во кои сите плаќања се детални и не се користат средства на компанијата за незаконска намена
- Извршуваме соодветна длабинска анализа на сите трети снабдувачи
- Не користиме застапник или трето лице за да вршиме несоодветни плаќања кои не би ги направиле ни самите
- Внимателно ја почитуваме нашата Политика за патувања, подароци и забава за трети лица и Антикорупциската политика
- Пријавуваме секаква загриженост за потенцијално несоодветно плаќање

# Поткуп и други форми на корупција



ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Мојот тим учествува на тендер за голем проект за урбана реконструкција на пазар во развој. Иако не ни треба партнер за да бидеме успешни на проектот, службеникот за набавки во градската власт ни препорача да се сретнеме со локална компанија за да дискутираме со неа да биде наш подизведувач. Изгледа дека главниот извршен директор на таа компанија е поврзан со владиниот службеник. Треба ли да одржиме состанок?

**О:** Овде има знаци за предупредување за корупција. Еден знак е предлогот да добиеме зделка, а за возврат да користиме подизведувач кој има блиски односи со владин службеник, а вториот знак е дека не ни треба подизведувач за да му обезбедиме производи и услуги на клиентот. Корупцијата се појавува во повеќе форми и не секогаш вклучува директен поткуп на владин службеник. Во оваа ситуација, треба да го информирате службеникот за набавки дека нема потреба да ни препорачува подизведувач и учтиво да го одбиете состанокот. Ако имате какви било грижи, разговарајте со секторот за усогласеност или секторот за правни работи.

## ДАЛИ Е ТОА КОРУПЦИЈА?

Корупцијата ја има во повеќе форми и мораме да внимаваме на знаците за опасност. Овде се вклучуваат други страни кои:

- Одбиваат да се согласат со нашите Глобални стандарди за снабдувачи
- Приговараат на договорните барања за антикорупција
- Одржуваат близок контакт со владини службеници
- Бараат невообичаено високи провизии, плаќање во готово или плаќање на сметки во име на друго лице
- Нудат сомнителни квалификации за извршување на бараните услуги
- Имаат репутација на дискутабилни деловни практики

# Интелектуална сопственост на трети лица и трговски права



## Водење бизнис со почит

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

### Ги почитуваме интелектуалната сопственост и трговските права на другите лица како што сакаме тие да ги почитуваат нашите.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Ги почитуваме интелектуалната сопственост и трговските права на другите лица. Не земаме заслуги или крадеме идеи кои не се наша сопствена креација. Разбираме дека користењето на заштитените права на другите лица без дозвола е противзаконски и би можело да нѐ изложи на правна одговорност.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Водиме бизнис со почит со тоа што:

- Ги почитуваме идеите, процесите и работата кои други лица ги создале и не ги прекршуваме нивните заштитени права
- Користиме средства на трети лица, како што се софтвер, музика, видеа и текстуална содржина само со дозвола и според односните лиценци
- Користиме софтвери и процеси кои се одобрени од нашата компанија
- Ги следиме применливите закони за интелектуална сопственост



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И

# ПОБЕДА ЗА ИНВЕСТИТОРИТЕ

# Конфликти на интереси



## Дејствување во најдобар интерес на компанијата

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

### Правиме паметни и објективни избори кои ја ставаат компанијата и нашите клиенти пред личната корист.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Заедно работиме за да победиме за нашите клиенти. Не дозволуваме нашите лични интереси или односи да ни застанат на патот кон победата како еден тим. Одлучуваме отворено, промислено и со интегритет; нашиот бизнис има корист од тоа и им покажува на сите дека може да ни се верува дека ќе ја направиме вистинската работа.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Дејствуваме во најдобар интерес на компанијата со тоа што:

- Носиме непристрасни деловни одлуки врз основа на релевантни факти и здраво расудување
- Избегнуваме ситуации во кои може да се влијае на одлуката – или изгледа дека ќе се влијае на неа – од конфликтни интереси (како потенцијална лична корист)
- Обелоденуваме конфликт на интерес кој не може да се избегне за да може соодветно да се справиме со него
- Бараме совет кога сме несигурни дали постои некаков проблем

ШТО ПРЕТСТАВУВА КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ?

Конфликт на интереси постои секогаш кога има ризик социјалните или семејните односи, активности надвор од работно место, финансиски инвестиции или други лични интереси да ја попречат нашата способност да донесеме непристрасни одлуки во име на компанијата. Мораме да бидете претпазливи и да го избегнеме впечатокот на конфликт на интереси бидејќи другите може да помислат дека работиме несоодветно.

ЗАПРАШАЈТЕ СЕ:

Дали мојата предложена одлука или дејство:

1. Ме обврзува кон некој друг?
2. Е во согласност со вредностите на Johnson Controls?
3. Е под влијание (дури и малку) на лични или семејни размислувања?
4. Дава впечаток дека не ги ставам најдобрите интереси на компанијата на прво место?

Ако одговорот на некои од овие прашања е „да“ или „можеби“, важно е да се побара совет преку користење на ресурсите наведени на страница 10. Ако мислите дека има конфликт на интереси, тогаш треба да го обелодените тоа преку веб-локацијата ComplianceForms.jci.com.

Конфликтите на интереси постојат во повеќе форми. Следново упатство покрива некои од почестите ситуации. Видете ја и нашата Политика за конфликт на интереси.

# Конфликти на интереси



## Роднини и пријатели

### Не дозволуваме желбата да им помогнеме на пријателите и семејството да влијае на нашите одлуки на работа.

Го избегнуваме ризикот на лични односи кои влијаат на нашата објективност со тоа што:

- Ги држиме блиските пријатели и роднини надвор од линиите на известување и надвор од истиот оддел, независно дали се вработени, практиканти или изведувачи
- Им дозволуваме на други да носат одлуки поврзани со вработување (како што се вработување, унапредување и дисциплинска постапка) на блиски пријатели и роднини
- Преземаме чекори за да се обезбеди транспарентност и независност кога се земаат предвид блиски пријатели или роднини како потенцијални даватели на услуги на Johnson Controls
- Внимателно ги анализираме одлуките за користење поранешни вработени на Johnson Controls како консултанти, изведувачи или снабдувачи

## Лични и семејни инвестиции

### Нашите одлуки не се под влијание на можностите за финансиска добивка за нас или членовите на семејството.

Личните финансиски размислувања ги држиме надвор од деловните одлуки со тоа што:

- Не поседуваме значителен* финансиски удел во бизнис што поврзан со Johnson Controls или е конкуренција на Johnson Controls
- Ќе го известиме на секторот за усогласеност кога се вработува близок член на семејството во Johnson Controls или поседува значителен* финансиски удел во бизнис што поврзан со Johnson Controls или е конкуренција на Johnson Controls

*Консултирајте со секторот за усогласеност за насоки за тоа дали одреден финансиски интерес е значителен.

## Подароци и гостопримство

### Склучуваме зделки и градиме односи врз основа на доверба и заедничка вредност – а никогаш преку несоодветни подароци или гостопримство.

Ги избегнуваме потенцијалните конфликти кои вклучуваат давање подароци и гостопримство со тоа што:

- Обезбедуваме разумни оброци и забава само како дел од деловни дискусии и само ако не ги прекршуваат политиките на организацијата-примач
- Не даваме или примаме подароци или забава со цел да се влијае на однесувањето на примачот
- Даваме подароци само од номинална вредност на оние со кои соработуваме или сакаме да соработуваме

# Конфликти на интереси



- Никогаш не даваме подароци во готовина или еквиваленти на готовина
- Даваме подароци или забава на клиенти од влади само ако се дозволени и претходно одобрени од Советот за усогласеност
- Плаќаме разумни трошоци за патување и сместување за трети лица во согласност со нашите политики само кога се однапред одобрени
- Се уверуваме дека сите обезбедени подароци, забава и патувања се законски, етички и не се спротивни на нашите вредности

Избегнуваме потенцијални конфликти кои вклучуваат прифаќање подароци и гостопримливост преку:
- Прифаќање подароци само во номинална вредност
- Не прифаќаме парични или други подароци
- Неприфаќање патување од трети лица
- Ограничување на нашето прифаќање од забава до спортски, театарски или културни настани (т.е. спортски настани, голф излети или концерти) или оброци
- Учтиво одбивање на патувања, подароци и забава кои ја прекршуваат нашата Политика за подароци и забава

## ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Нашиот тим учествува на тендер за голем договор и наскоро очекуваме да го дознаеме исходот. Ќе одам на една конференција, а таму ќе биде и главниот носител на одлуки на потенцијалниот клиент. Дали можам да го поканам на вечера за да го направам последниот потег за Johnson Controls?

**О:** Ова не се препорачува затоа што може да се гледа како обид несоодветно да му се влијае на клиентот. Да се стави интегритетот на прво место значи да им се дадат причини на клиентите да нè изберат поради квалитетот на нашите производи и услуги, а не затоа што сме им дале вреден подарок или сме покажале великодушна гостопримливост. Бидејќи времето се поклопува со скорешната одлуката на клиентот за набавки, ова може да се толкува како обид несоодветно да се влијае на деловната одлука – што е строго забрането. Особено е важно да се биде внимателен за време на процесот на учество на тендери. Доколку вашиот контакт не е владин службеник, би било соодветно да го поканите лицето на кафе или чај како начин да изградите однос и да одговорите на некои прашања кои потенцијалниот клиент би ги имал за Johnson Controls.

# Конфликти на интереси



## Корпоративни можности

Го користиме знаењето собрано во текот на нашата работа и ресурсите и средствата на компанијата за подобро да им помогнеме на нашите клиенти да победат.

Избегнуваме конфликти на интереси или нанесување штети за нашиот бизнис со *тоа што не*:

- Ги преземаме за себе деловните или инвестициските можности кои сме ги откриле во текот на нашата работа
- Ги користиме имотот на компанијата, информациите или нашата позиција во Johnson Controls за несоодветна лична добивка
- Не конкурираме, директно или индиректно, на Johnson Controls

## Надворешни активности

Секој ден правиме најдобри напори во Johnson Controls и не им дозволуваме на надворешни работи или други активности да го попречат нашиот придонес кон бизнисот на компанијата.

Се стремиме да водиме исполнети и продуктивни животи надвор од работното место сè додека *не:*

- Ни пречат во нашите обврски или резултати во Johnson Controls
- Работиме за конкурент или снабдувач
- Ризикуваме нанесување штета на бизнисот или репутацијата на компанијата
- Ги користиме ресурсите на компанијата, вклучувајќи други вработени или трговци, за надворешни интереси
- Создавање друг тип конфликт на интереси

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Моето неодамнешно искуство за реновирање домови ми укажа на тоа дека сакам да купам имот кој треба да се реновира и да се обидам да го продадам и да заработам од тоа – можеби дури и да добијам лиценца за недвижнини. Посветен сум на Johnson Controls и мислам дека мојот интерес за реновирање домови нема да ми пречи во мојата работа. Дали би било ова проблем?

О: Ние сакаме нашите вработени да водат потполни и исполнети животи надвор од работа. Истовремено, секој ден се очекува од нас да го посветиме нашето внимание и најдобри напори во Johnson Controls. Треба да одредите дали правењето значителен дополнителен напор за реновирање и продавање куќи ќе ви овозможи да одржите соодветен баланс помеѓу личните и работните обврски. Ако мислите дека ова може да создаде конфликт на интереси, тогаш треба да го пријавите на веб-локацијата ComplianceForms.jci.com.

# Евиденција и обелоденување



## Создавање и одржување точни досиеја и сметки

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Водиме точни досиеја и сметки кои ни помагаат да работиме ефикасно и да им обезбедиме навремена и точна информација на оние кои треба да се потпрат на неа.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Како компанија која котира на берза, се бара од Johnson Controls да одржува и обелоденува точни финансиски извештаи. Покрај законската обврска, соодветната евиденција е неопходна за ефикасни и профитабилни деловни операции. Сите играме улога во одржување на точна и ажурирана евиденција; ни помага да ја одржиме довербата и сигурноста што сме ја стекнале кај клиентите, инвеститорите и другите чинители.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Ги одржуваме точни евиденцијата и сметките со тоа што:

- Целосно, точно, во соодветниот период и навремено ги евидентираме сите средства, обврски, приходи, расходи и деловни трансакции
- Обезбедуваме дека записите и сметките се во согласност со генерално прифатените сметководствени принципи и нашиот внатрешен контролен систем
- Никогаш не одржуваме тајни или неевидентирани готовински средства или обврски
- Користиме соодветни и точни термини кога ја создаваме евиденцијата
- Никогаш не криеме или уништуваме документи кои се подложни на истрага или кои би биле потребни во судска постапка
- Се усогласуваме со известувања за правно задржување
- Ја одржуваме и отстрануваме евиденцијата на компанијата во согласност со нашите процедури за чување евиденција и управување со информации

# Евиденција и обелоденување



ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Свесен сум дека според нашите политики за управување со евиденцијата треба да избришеме одредени досиеја по одреден временски период. Зачував мои досиеја за одредена тема затоа што знам дека имаше проблеми да се лоцираат документите во минатото. Дали ова е добра идеја?

**О:** Не, мора совесно да ги почитувате нашите политики и распореди за чување евиденција. Овие политики го поддржуваат легитимното уништување на непотребни документи на компанијата и доколку не ги применуваме, може да ја изложат компанијата на тужби за селективно уништување. Предолгото чување документи може да го преоптовари нашиот систем за складирање и да изложи чувствителни или доверливи информации на ризик од пристапување и злоупотребување. Згора на тоа, имаме законска обврска да избришеме информации кои не се потребни повеќе, како лични податоци или доверливи информации од деловните партнери. Со чување документи според нашите дефинирани распореди, ја зајакнувате нашата програма за управување со евиденцијата и ја заштитувате компанијата.

# Физички имот и средства, нашата репутација и нашите доверливи и заштитени деловни информации

## Штитење на средствата на компанијата

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Ја штитиме репутацијата на Johnson Controls и другите средства затоа што тие се основата за нашата иднина.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Се фокусираме на иднината. Користењето на најдобрите можности денес, нè подготвува да победиме утре. Нашите средства – имот, пари, информации, идеи и репутација – ги одржуваат нашите операции и ни овозможуваат да инвестираме во иновации и постојано подобрување. Како добри управители на овие средства, ги користиме нив да создадеме исклучителни искуства за клиентите и одржлива вредност за инвеститорите.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Ги штитиме средствата на Johnson Controls со тоа што:

- Разумно се грижиме за средствата кои ги контролираме за да се избегне нивна загуба, оштетување, кражба или неовластено користење
- Внимаваме да спречиме измама, загуба или злоупотреба на средствата на компанијата
- Управуваме со нашите податоци и информации во согласност со Политиката за чување податоци и другите политики на компанијата
- Ги почитуваме протоколите за сигурност на информациите и пристап на корисници за да се заштитат системите и податоците на компанијата од неовластени пристапи, менување, дуплирање, уништување или обелоденување, дали ненамерно или намерно
- Ги користиме средствата на компанијата само за деловни цели, освен ако се применува разумен и инцидентен исклучок за лична намена
- Пријавуваме загриженост за употребата, злоупотребата или загрозувањето на средствата на компанијата

РАЗЛИЧНИ СРЕДСТВА, ИСТ ПРИНЦИП

Средствата на компанијата имаат повеќе форми. Како ќе ги заштитиме ќе зависи од средствата и нашата конкретна улога. Но, во сите случаи се применува истиот принцип: **внимавајте и добро расудувајте.**

**Информативни средства:** какви било податоци во врска со нашите производи, бизнисот или начинот на кој ги водиме нашите операции, независно од тоа како се создадени, дистрибуирани, користени или складирани.

**Финансиски средства:** пари и сè што може да се претвори во пари, како што се акции, обврзници и банкарски депозити.

**Материјални средства:** сите стварни средства кои ги поседува компанијата и кои ги користи за водење бизнис (на пр. постројки, машини, алати, компјутери, мобилни телефони, суровини, возила, канцелариска опрема и материјали).

**Нематеријални средства:** нашата репутација, идеи, изуми, интелектуална сопственост, дизајни, авторски права, заштитни марки, патенти и трговски тајни. Овие средства ни помагаат да ги поттикнеме иновациите и напредокот.

# Физички имот и средства, нашата репутација и нашите доверливи и заштитени деловни информации

Следново упатство се однесува на особено важни области за кои треба да бидеме внимателни и добро да расудуваме.

## Заштитување на доверливи и заштитени деловни информации

### Ги штитиме нашите доверливи деловни информации и интелектуална сопственост бидејќи тие ни даваат предност на пазарот.

Ја унапредуваме иднината и победуваме за нашите клиенти преку развивање идеи и користење технички знаења кои другите ги немаат. Нашите доверливи деловни информации и интелектуална сопственост се важни деловни средства со кои се разликуваме од конкурентите. Мораме да ги заштитиме од неовластено обелоденување или злоупотреба.

Ги штитиме нашите заштитени деловни и доверливи информации со тоа што:

- Ги споделуваме овие информации само со оние кои се овластени и имаат деловна потреба да ги знаат
- Не дискутираме за доверливи информации кога постои ризик некој да нѐ слушне
- Внимаваме надвор од работно место за да бидеме сигурни дека документите и електронските направи се невидливи за другите
- Никогаш не користиме доверливи информации за наша лична корист или за корист на лице надвор од Johnson Controls
- Помниме дека обврската за заштита на доверливите информации на компанијата важи и по заминувањето од компанијата

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Вчеравечер бев на вечера со стара пријателка од средно училиште која работи во локална инженерска фирма. Зборувавме за тоа дека и двајцата сме горди што нашите компании се фокусирани на иновации кои ќе ги решат вистинските проблеми во светот. Ѝ споменав на високо ниво за некои наши најнови производи кои се развиваат, осврнувајќи се на тоа дека производите ќе ги решат проблемите на клиентите. По завршувањето на вечерата се прашував дали споделив премногу и потенцијално ги изложив идеите и средствата на фирмата на ризик.

**О:** Имате право да бидете загрижени. Иако вашата пријателка не е директен конкурент, сепак е важно да се биде внимателен за да се избегне споделување информации на компанијата кои не се за во јавност. Нашата интелектуална сопственост, трговски тајни и други доверливи идеи и информации се важни средства на кои почива нашата конкурентска предност. Ако сметате дека ненамерно сте споделиле нејавна информација за производите на компанијата, за совет треба да контактирате со тимот за усогласеност или секторот за правни работи.

# Физички имот и средства, нашата репутација и нашите доверливи и заштитени деловни информации

### КАКО ИЗГЛЕДААТ ДОВЕРЛИВИТЕ ИНФОРМАЦИИ

Примерите на доверливи деловни информации вклучуваат:

- Заштитени трговски марки, патенти, трговски тајни и друга интелектуална сопственост
- Нејавни финансиски информации или проекции
- Нови производи или планови за маркетинг
- Истражување и развој на идеи или информации
- Производствени процеси
- Детални информации за набавки
- Детали за плата и други лични информации
- Список на вработени и внатрешни организациски шеми
- Информации во врска со потенцијални преземања, продажби и инвестиции
- Правни мислења и работен производ
- Која било друга информација која може да им биде корисна на конкурентите

## Одговорно користење на технологијата и информатичките системи на компанијата

### Одговорно ги користиме технологијата и информатичките системи на Johnson Controls за даработиме ефикасно и да ги постигнеме нашите деловни цели.

Не би било возможно да работиме како еден тим за нашите клиенти без системите и технологијата на кои секојдневно се потпираме. Лаптопи, мобилни телефони, е-пошта и инфраструктурата која ги поддржува ни овозможуваат да работиме попродуктивно, да комуницираме поефикасно и подобро да ги услужиме клиентите. Ни помагаат да пристапиме до информации и да ги споделуваме оние информациите кои ни требаат за да иновираме и постојано да се унапредуваме. Меѓутоа, нивната несоодветна употреба може да ги исцрпи нашите ресурси, да ја изложи на ризик нашата безбедност и да им наштети на нашиот бренд и репутација.

Безбедно и соодветно ги користиме нашите технологии и системи со тоа што:

- Само на овластени лица им даваме пристап до системите и само за потребниот временски период
- На овластените корисници им обезбедуваме пристап само до системите и податоците кои им се потребни за работа
- Ги штитиме лозинките, редовно ги менуваме и никогаш не ги споделуваме со други
- Не чуваме доверливи информации на интернет
- Не преземаме неодобрени софтвери или отвораме сомнителни прилози
- Единствено овластените лични уреди можат да се поврзат на мрежите на Johnson Controls
- Преземаме чекори за заштита на хардверот од загуба, оштетување или кражба

# Физички имот и средства, нашата репутација и нашите доверливи и заштитени деловни информации

- Никогаш не испраќаме пораки кои содржат вознемирувачка или навредлива содржина
- Избегнуваме да посетуваме несоодветни веб-локации
- Разумно и инцидентно ги користиме опремата и системите на компанијата за лична употреба

## Заштита на репутацијата на компанијата

### Во сѐ што правиме се стремиме да одржиме репутација на интегритет и иновации поттикнати од клиентите.

Нашата репутација е една од нашите највредни средства. Ја градиме над 130 години, но секогаш гледаме кон иднината. Секој од нас треба да го почувствува товарот на одговорноста за заштита на репутацијата на Johnson Controls во секојдневните дејства и одлуки. Кога дејствуваме со интегритет и ги применуваме нашите вредности, ќе продолжиме да ја стекнуваме довербата и сигурноста на нашите вработени, клиенти и деловни партнери.

Ја штитиме нашата репутација со тоа што:

- Како изгледа победувањето
- Нашите главни вредности служат за пример
- Секогаш добро расудуваме за бизнисот
- Сме одлични амбасадори на Johnson Controls обезбедуваме дека нашите одлуки и постапки постојано го одржуваат доброто име на компанијата

НАШАТА РЕПУТАЦИЈА

Се гордееме со 130-годишната историја. Но, никогаш не заборавуваме дека репутацијата е за минатите искуства на другите во справувањето со нас и нивното очекување на следните искуства.

## Спречување измама

### Нашата посветеност кон интегритетот значи дека сме претпазливи да спречиме измама, загуба и злоупотреба.

Измамата, загубата и злоупотребата немаат место во Johnson Controls. Нашата посветеност кон културата на интегритет и доверба е најсигурниот начин да се спречат овие злоупотреби и да се откријат и поправат доколку се случат.

# Физички имот и средства, нашата репутација и нашите доверливи и заштитени деловни информации

Спречуваме измама, загуба и злоупотреба со тоа што:

- Целосно и точно ги опишуваме трошоците за патувања, забава и другите трошоци во нашите книги и записи. Видете ја Глобалната политика за деловни патувања, забава и извештајот за трошоците на вработените
- Правилно ги класифицираме и го водиме сметководството за финансиски трансакции
- Ги фактурираме само оние услуги кои ги обезбедуваме во рамките на бараните временски рамки
- Даваме попусти кои сме ги ветиле
- Ги почитуваме сите политики за набавки и ги нарачуваме само оние стоки и услуги кои ни се потребни
- Никогаш не користиме готовина или кредитни картички на компанијата за неделовни намени
- Прашуваме за класификацијата ако не сме сигурни за сметководствените процедури или законските обврски
- Веднаш пријавуваме загриженост за несоодветна или сомнителна активност

## Заштита на нашите постројки

### Ги одржуваме нашите постројки и опрема безбедни од оштетување, така што секогаш сме подготвени да им помогнеме на нашите клиенти да победат.

Безбедните постројки овозможуваат сигурна и удобна средина за нашите вработени додека ги заштитуваме опремата и материјалите од оштетување, кражба или индустриска шпионажа.

Ги заштитуваме нашите постројки со тоа што:

- Постојано ги носиме беџовите за идентификација и проверуваме дали и другите ги носат
- Не поттикнуваме отворени врати или не им дозволуваме на другите да нѐ следат преку безбедни влезови
- Никогаш не им ги даваме клучевите, беџовите или шифрите за аларм на други лица
- Секогаш ги заклучуваме канцелариите и возилата
- Веднаш му пријавуваме на раководството некое протекување, расипана опрема или други прашања за одржување
- Редовно ја прегледуваме и тестираме сета опрема за заштита од пожар и безбедносна опрема
- Веднаш реагираме на сите аларми (дури и по вообичаеното работно време)
- Спречуваме неовластени лица да влезат во нашите постројки и контактираме со обезбедувањето ако има натрапници
- Контактираме со Центарот за глобални безбедносни операции на Johnson Controls (Global Security Operations Center – GSOC) на телефонскиот број +1 414 524 6700 или на е-поштаgsoc@jci.com во случај на безбедносна грижа или криза која претставува актуелен или потенцијален ризик за нашите вработени, постројки или операции
- Им јавуваме на локалните органи на прогон или одговорните за вонредни состојби доколку има непосредна опасност

# Инсајдерска трговија и злоупотреба на пазарот на хартии од вредност



## Спречување инсајдерска трговија

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Никогаш не користиме или споделуваме инсајдерски информации за Johnson Controls или некоја друга компанија за тргување на пазарот на хартии од вредност.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Во текот на нашата работа имаме пристап до информации за Johnson Controls или други компании кои би можеле да им бидат од корист на инвеститорите. Со тоа што го ставаме интегритетот на прво место покажуваме дека другите секогаш можат да се потпрат на нас за заштита на информациите кои ни ги доверуваат. „Инсајдерските“ информации се состојат од детали кои би биле важни за инвеститорите во носењето на нивните одлуки за инвестирање; тие се познати и како материјални, нејавни информации. Користењето на овие информации за наша сопствена корист или нивното споделување за корист на трети лица се нарекува инсајдерска трговија. Таа е нелегална бидејќи овозможува неправедна предност и ги нарушува финансиските пазари. Агресивно се спроведуваат законите за инсајдерска трговија кои често резултираат со тешки казни и затворски казни за оние кои ќе бидат осудени.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Спречуваме инсајдерска трговија со тоа што:

- Никогаш не користиме инсајдерски информации за да тргуваме со акциите на Johnson Controls или на другите компании кои котираат на берзата – освен ако таквите информации се обелоделиле јавно и пазарот има шанса да реагира на нив
- Не споделуваме инсајдерски информации со лица надвор од компанијата, како што се членови на семејството, роднини или пријатели
- Споделуваме инсајдерски информации со колеги само според потребата да ги знаат истите
- Се грижиме да ги заштитиме инсајдерските информации од ненамерно обелоденување со тоа што сме внимателни со документите на компанијата и дискретно зборуваме во отворени простории
- Избегнуваме „поткажување“ – пренесување материјални, нејавни информации за која било компанија на лице кое би можело да тргува имајќи ги на ум таквите информации

# Инсајдерска трговија и злоупотреба на пазарот на хартии од вредност



ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Мојот вујко никогаш не ги надомести инвестициите заради глобалната финансиска криза и знам дека има тешкотии да ги школува своите деца на универзитет. Ме праша дали да купи акции на Johnson Controls. Знам дека тоа ќе му помогне, особено затоа што очекуваме претстојното воведување на производи да ја покачи цената на акциите. Дали да му кажам за воведувањето на новите производи или да му ги препорачам акциите?

**О:** Никако. Деталите за претстојното воведување производи претставуваат материјални, нејавни информации што би му овозможиле на вашиот вујко неправедна предност во тргувањето. Споделувањето на таа информација е нелегално. Кажете му дека поради тоа што сте вработени во Johnson Controls, не можете да споделите информации кои би охрабриле или обесхрабриле некое лице да тргува со акциите. Упатете го на нашата веб-локација во делот Односи со инвеститори или предложете му да контактира со секторот за односи со инвеститори доколку има некои одредени прашања.

# Одговорна комуникација



## Градење доверба и репутација преку одговорна комуникација

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Ги зајакнуваме нашиот бренд и односите со чинителите преку осмислена, точна и постојана комуникација и одговорно работење со социјалните медиуми.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Комуницираме искрено, точно и доследно со нашите клиенти, инвеститори и другите чинители. Ова е неопходно за да се изгради бизнис кој се заснова на доверба, долгорочни односи и заедничка вредност, отколку само на обични трансакции. Помниме дека сите ние сме амбасадори на брендот Johnson Controls. Ја искажуваме нашата вредност на пазарот и ја чуваме нашата репутација со одговорно користење на социјалните медиуми и им овозможуваме на колегите со соодветен авторитет и искуство да постапат кон надворешните барања.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Го зајакнуваме нашиот бренд и односи со тоа што:

- Ја почитуваме нашата Политика за комуникации кога постапуваме кон надворешни барања или работиме со социјалните медиуми
- Комуницираме информации само во име на Johnson Controls доколку сме овластени да го направиме тоа
- Сме учтиви и професионални во нашата комуникација на интернет
- Имаме на ум дека нашата активност на интернет, дури и надвор од работа, може да ѝ помогне или наштети на компанијата Johnson Controls
- Ги идентификуваме мислењата како да се наши освен ако сме овластени да зборуваме во име на Johnson Controls
- Никогаш не обелоденуваме доверливи или заштитени деловни информации (за нашата компанија, клиенти или други деловни партнери)
- Не споделуваме интерна комуникација со вработените, како што се општа е-пошта или текстови за портали
- Никогаш не објавуваме нелегална содржина или нешто што може да предизвика другите да се чувствуваат вознемирено или под закана
- Не дозволуваме активностите на социјалните медиуми да ни пречат во работните обврски во Johnson Controls

# Одговорна комуникација



ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

**П:** Го следам еден колега на социјалните медиуми. Понекогаш објавува содржина која негативно се однесува на раководството на компанијата. Неговиот профил јасно го идентификува како вработен на Johnson Controls. Знам дека има право отворено да го изрази своето лично мислење, но ова не е во ред. Дали ги прекршува нашите политики или упатства?

**О:** Не, вашиот колега не ги прекршил нашите политики или упатства. Тој има право да го изрази своето лично мислење, но можеби треба да одбере помалку јавен начин да ги изрази своите ставови за компанијата. Иако социјалните медиуми ни даваат нови и далекусежни начини на комуникација, се применуваат истите принципи на добро расудување како и при потрадиционалната комуникација: вработените не смеат да ги презентираат своите мислења како да се мислења на компанијата освен ако се овластени да го направат тоа; не смеат да споделуваат доверливи, нејавни информации; и не смеат да кажуваат работи кои се навредливи или се противзаконски.

## СЕ ПОВРЗУВАМЕ, КОМУНИЦИРАМЕ И УЧИМЕ ПРЕКУ СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

Социјалните медиуми се моќна алатка која ја поврзува Johnson Controls со нашите клиенти, заедници и чинители секаде во светот – и тоа веднаш. Ни овозможува да ги зајакнеме нашите односи и да го изградиме нашиот бренд. Многу од нас користат социјални медиуми во нашите лични животи за да останеме информирани и во контакт со пријателите и семејството. Со тоа што сме свесни за нашето присуство на интернет и сме внимателни што објавуваме, го намалуваме ризикот нешто да биде погрешно толкувано или да биде извадено од контекст.




ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И

# ПОБЕДУВАМЕ СО НАШИТЕ СНАБДУВАЧИ

# Набавка



## Одговорно ги избираме нашите снабдувачи

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

### Праведно и објективно ги избираме нашите снабдувачи за да ни се даде најдобрата шанса да победуваме со нашите клиенти.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Сакаме да изградиме значајни и долгорочни врски со снабдувачите врз основа на заедничка корист и доверба. Овие врски ни помагаат да го освоиме пазарот и да обезбедиме исклучителни искуства и решенија за клиентите. Сакаме снабдувачи кои ја споделуваат нашата посветеност за интегритет и заедничко работење. Кога снабдувачите вложуваат во успехот на нашите клиенти, како нас, тогаш тие победуваат кога победуваат и нашите клиенти.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Одговорно управуваме со набавките со тоа што:

- Постапуваме праведно и со интегритет со тековните и потенцијалните снабдувачи, независно од вредноста на трансакцијата или времетраењето на односот
- Бараме да работиме со снабдувачи кои најдобро ги исполнуваат нашите потреби и ги споделуваат нашите вредности
- Ги почитуваме законските обврски (на пр. Закон за интегритет во набавките на САД и Foreign Corrupt Practices Act)
- Спроведуваме соодветна длабинска анализа на потенцијалните снабдувачи за да обезбедиме дека се квалификувани и почитувани
- Правиме селекција врз основа на мерења на одредени резултати, како што се квалитет, цена, услуга, веродостојност, достапност, техничка извонредност, брзина на испорака и етички деловни практики
- Промовираме разновидна и инклузивна база на снабдувачи
- Избегнуваме конфликти на интереси или нивна појава со тоа што избегнуваме да избираме снабдувач врз основа на пријателски или семејни врски
- Не прифаќаме несоодветни подароци, забава или каков било друг вид на фаворизирање што би го компромитирал изборот на најдобрите партнери за Johnson Controls

# Спречување злоупотреба на синџирот на набавки



## Почитување и заштита на човековите права

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Работиме за да одржиме етички синџир на набавки со тоа што работиме само со деловни партнери кои ги вреднуваат и почитуваат правата на луѓето во светот.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Ние се водиме од нашата цел, која ја вклучува обврската за почитување и заштита на правата на луѓето низ светот. Веруваме дека правилното поддржување на луѓето е клучот за просперитетна иднина. Поради тоа се обврзуваме да поддржиме етички и транспарентен синџир на набавки во кој нема детски труд, принудна работа, ропство и трговија со луѓе.

Како едни од првите потписници на Глобалниот договор на Обединетите нации, ја воспоставуваме врската помеѓу човековите права и создавањето одржлива вредност од која ќе има корист општеството.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Се стремиме да ги почитуваме и штитиме човековите права во нашите операции и синџир на набавки со тоа што:

- Обезбедуваме безбедни и здрави работни услови во сите постројки на Johnson Controls
- Ги почитуваме правата на вработените да се организираат и колективно да преговараат и никогаш да не се дискриминираат нивните претставници
- Праведно плаќаме на пазарот и ги исполнуваме или надминуваме сите законски обврски во врска со компензацијата
- Им дозволуваме на вработените да работат не повеќе од редовните или прекувремените часови дозволени според локалните закони
- Спроведуваме соодветна длабинска анализа за потенцијалните деловни партнери и ги почитуваме политиките за набавки кога избираме нови трговци, барајќи ги оние кои не ги прекршуваат човековите права
- бараме од снабдувачите и трговците да се усогласат со нашите Глобални стандарди за снабдувачи
- Им даваме инструкции на деловните партнери да не купуваат или користат конфликтни минерали
- Ја пријавуваме загриженоста за човековите права во секторот за правни работи или во Integrity Helpline

За дополнителни упатства во врска со почитувањето и заштитата на човековите права, видете ги нашите политики за човекови права и одржливост, ропство и трговија со луѓе, разновидност на снабдувачи и конфликтни минерали.

# Спречување злоупотреба на синџирот на набавки



### ГИ СТАВАМЕ ЛУЃЕТО НА ПРВО МЕСТО: СÈ Е ПОВРЗАНО

Човековите права се однесуваат на нешто повеќе од самото проверување на нашиот синџир на набавки. Тие се однесуваат на начинот на кој луѓето заслужуваат да се постапи со нив на работното место, на пазарот и во нашите заедници.

Го препознаваме позитивното влијание кое може да го имаме како глобална компанија. Нашата посветеност во оваа област се одразува во нашата Политика за човекови права и одржливост. Ова укажува на тоа дека многу прашања можат да влијаат на човековите права, вклучувајќи ги:

- Здравјето и безбедноста
- Работните услови
- Поткупот и корупцијата
- Почитта кон животната средина
- Раководењето
- Транспарентното известување и одговорност

### ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Неодамна ги обиколував постројките на голем снабдувач во една земја во развој. Според мене, некои од работниците беа многу млади. За време на двата долги дена, се сеќавам дека ги видов истите лица рано наутро и доцна навечер. Знам дека детскиот труд и прекршувањето на работните часови се проблем во овој дел од светот. Овој снабдувач има добра репутација и нè увери дека ги почитува сите важечки закони за трудот. Дали имам одговорност да ја споделам својата загриженост и дополнително да го пријавам проблемот?

О: Како потписник на Глобалниот договор на ОН и заштитник на човековите права, Johnson Controls не толерира вработување деца или други злоупотреби на трудот. Ако имате некоја грижа дека е можно да има кршење на човековите права или трудот кај некој од нашите снабдувачи, морате да ја споделите вашата загриженост со раководството, секторот за усогласеност или на Integrity Helpline со цел да се спроведе истрага.

# Очекувања на снабдувачите



## Промовирање на нашите глобални стандарди за снабдувачи

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Очекуваме нашите снабдувачи да работат по истите високи стандарди кои ги применуваме и на нас – секогаш со интегритет.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Веруваме во дејствување со интегритет, покажување почит и исполнување на нашите обврски. Не очекуваме ништо помалку од оние кои соработуваат со нас. Нашите глобални стандарди за снабдувачи ги поставуваат овие очекувања. Нашите снабдувачи мора да ги знаат и почитуваат овие стандарди за да бидеме сигурни дека работат со нас на етички и одговорен начин и ни помагаат да ја зачуваме репутацијата на Johnson Controls.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Одржуваме високи стандарди и етичко однесување во нашиот синџир на набавки со тоа што:

- Сме јасни и директни со снабдувачите за нашите барања и во врска со она што ни треба и како треба да се направи
- Преговараме транспарентно и праведно
- Обезбедуваме дека договорените услови се во писмена форма и целосно и точно опфатени: во договорите, налозите за набавки и другите документи
- Изнесуваме аргументи при објаснувањето на нашите вредности и филозофија на деловно работење и нивното пресликување во договорите
- Постојано ги спроведуваме нашите глобални стандарди за снабдувачите во односите со сите снабдувачи
- Им обезбедуваме на снабдувачите ресурси и дополнителни насоки за секое неопходно разјаснување на очекувањата



ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО И

# ПОБЕДУВАМЕ СО НАШИТЕ ЗАЕДНИЦИ

# Одржливост и одговорност за животната средина



## Работење на одржлив начин и праведно кон животната средина

### КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Осмислуваме посветеност кон одржлив свет преку нашите производи, услуги и секојдневни операции.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Веруваме дека целта на Johnson Controls е да помогне да го направи светот безбеден, удобен и одржлив. Се фокусираме на иднината, како и на позитивното влијание кое го имаме денес. Во меѓусебно поврзан и зависен свет, намалувањето на влијанието на нашите операции врз животната средина е исто толку важно колку и создавањето на најпаметните животни средини и енергетски решенија во светот. Ова нè прави подобар партнер за нашите заедници и клиенти.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Ја покажуваме нашата посветеност за одржливи решенија и операции со тоа што:

- Одржливоста е главен дел во дизајнот на производот
- Ги идентификуваме можностите за намалување на влијанијата врз животната средина додека постигнуваме оперативна ефикасност
- Активно бараме ангажмани со чинителите за прашањата за животната средина
- Ги исполнуваме или надминуваме сите законски и регулаторни обврски или обврски од дозволите
- Ги применуваме глобалните стандарди и најдобри практики на Системот за производство на Johnson Controls (JCMS) во сите операции во светот
- Изнаоѓаме можности да штедиме енергија, вода и други природни ресурси
- Безбедно и усогласено управуваме со отпадот и отпадните води
- Го известуваме раководството и веднаш се справуваме со несреќи, вклучувајќи излевања, протекувања или неовластени испуштања
- Преземаме секојдневни лични дејствија за да се намалат, повторно употребат и рециклираат ресурсите

# Ангажман и инвестирање во заедницата



## Придонесуваме во нашите заедници

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Горди сме што имаме позитивно влијание во заедниците во кои живееме и работиме.

ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Во Johnson Controls гледаме одговорност и можност да ги поддржиме заедниците во кои работиме. Како одговорен и активен корпоративен граѓанин сакаме заедниците да имаат придобивки од нашето присуство и поддршка. Очекуваме нашите вработени да направат разлика преку волонтирање и хуманитарни активности. Нашата цел не е само да понудиме поддршка, туку и да учествуваме во заедниците.

КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Се стремиме позитивно да придонесеме во нашите заедници со тоа што:

- Ја прифаќаме нашата улога на одговорен работодавач како прв избор и корисник на локалните услуги
- Ги охрабруваме и препознаваме напорите на вработените во волонтерската, менторската и хуманитарната работа
- Враќаме назад затоа што тоа е вистинската работа која треба да се направи, а не затоа што очекуваме публицитет или услуги за возврат
- Ги покануваме другите, но не им вршиме притисок да придонесат во хуманитарните организации или други каузи на заедницата
- Добиваме соодветно одобрение пред да донираме пари или време во име на компанијата, вклучително и усогласување со нашата Политика за придонеси во хуманитарни цели и спонзорирање хуманитарни настани
- Потврдуваме дека секоја хуманитарна цел во која се вклучуваме е легитимна и се усогласува со важечките закони

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Често волонтирам во мојот локален клуб наречен Момчиња и девојки. Бидејќи Johnson Controls поддржува вклучување во заедницата и волонтирање, се прашувам дали можам да ги претставам моите услуги во име на компанијата. .

О: Johnson Controls силно го охрабрува ангажирањето во локалните заедници. Вообичаено е нашите вработени да ја претставуваат компанијата во одредени настани во заедницата. Меѓутоа, секогаш мораме да бараме и добиеме дозвола од секторот за односи со јавноста пред да се претставиме во заедницата како претставници на Johnson Controls.

# Политичка активност и лобирање



## Вклучување во политички процеси

КАКО ПОБЕДУВАМЕ

Ги поддржуваме праведните политички процеси, се залагаме за нашите деловни политики и ги охрабруваме нашите вработени да се вклучат активно.

### ЗОШТО ГИ СТАВАМЕ ВРЕДНОСТИТЕ НА ПРВО МЕСТО

Веруваме дека активното учество во фер политички процес промовира здраво општество. Како компанија, ние ги ангажираме креаторите на политики за прашања и грижи кои се важни за нашиот бизнис и за нашите клиенти. Ги охрабруваме вработените да бидат локално политички активни. Johnson Controls генерално ја ограничува употребата на ресурсите на компанијата за поддржување политички кандидати. Наместо тоа, компанијата има Комисија за политички дејства (Political Action Committee – PAC), основана со доброволните придонеси на вработените, која се користи за поддржување на американски кандидати кои се усогласени со позициите на корпоративната политика.

### КАКО ИЗГЛЕДА ПОБЕДУВАЊЕТО

Одговорно учествуваме во политички процеси со тоа што:

- Го охрабруваме индивидуалното политичко учество на вработените, вклучувајќи гласање и користење на нивните сопствени пари и време
- Ги охрабруваме квалификуваните вработени доброволно да придонесат во PAC на Johnson Controls
- Не се користи името на Johnson Controls за промовирање одредена политичка партија
- Никогаш не се обидуваме да влијаеме на некоја владина агенција, претставник или законодавец
- Се избегнува употребата на ресурсите на компанијата за поддршка на политички кандидати или избрани службеници
- Се усогласуваме со сите релевантни закони, обврски за лобирање и обелоденување и нашата Политика за политички прилози

ПРВО РАЗМИСЛЕТЕ

П: Моментално волонтирам кај локален политичар кој се кандидира на избори. Од мене е побарано да направам транспарент за претстојниот настан во кампањата и треба да најдам голем работен простор за да го завршам. За оваа цел сакам да ја користам салата за состаноци во канцеларијата. Ќе користам мои сопствени материјали и ќе работам на транспарентот по завршувањето на мојата дневна работа во Johnson Controls. Ќе потврдам и дека на никој друг не му е потребна просторијата за работа. Дали е ова дозволено?

О: Johnson Controls го почитува правото на сите да се вклучат во политички процеси. Горди сме што нашите вработени ги волонтираат своето време и пари за поддржување на политичките убедувања и претпочитаните кандидати. Меѓутоа, Johnson Controls не ја дозволува употребата на ресурсите на компанијата, вклучувајќи и канцелариски простор, за поддржување одреден кандидат. Мораме да ја избегнеме перцепцијата дека промовираме одредени политичари или политички партии. Поради тоа, не се дозволува користењето на салата за состаноци.





# ЗАВРШНИ ЗБОРОВИ...

Етичкиот кодекс е наменет да служи како извор на инспирација и упатство за нас за да работиме заедно со цел да изградиме поудобен, безбеден и одржлив свет. Ни покажува како да ги примениме вредностите кога сме во потрага по можности истовремено ни укажува на ризиците. Не може да ја покрие секоја ситуација со која би се соочиле. Важно е да поставуваме прашања кога не сме сигурни за вистинскиот начин на дејствување и е од суштинско значење да ја пријавиме нашата загриженост. Кодексот вклучува различни ресурси и канали кои ни помагаат да го направиме тоа.

Johnson Controls